

Томе Велјановски-Марулецо, Гетеборг Шведска

Толе Паша 1863/64 – 1904

Пред висока брего е Крушевица село

Во фамилијата Кулиќеви се роди машко чедо

името Стојан нункото му го даде

со благослов голем јунак да биде

Борба да води за народот свој

животно да се бори тој

на насилниците да му стави крај

народот свој да добие божји рај

Во летно време воловарче оди

со дедовците Столе дружба прави

разни приказни од нив слуша

задовосслства и прави на неговата душа

Порасте Толе бистро и снажно момче

На ковачо Стеван зет му стана

се ожени тој за ќеркаму Ката

со незе ги имат синовите двата

Немаше Толе однос со Адем бега

често имаше конфлици со него

го напушти Толе домот свој

подмолно да не биде убиен тој

Се вработи Толе во руднитко Ал Шар

си замерија таму со заптијата Ариф

во самоодбрана Толе го уби него

затворен е тој за извршеното дело

По кратко време од затворот бега

во Мариово се врати Толе сега

основа своја чета и јатаци прави

со нечесните луѓе за да се справи

Јован и Толе на Скала заседа направија

турскиот порезник Мефаил тие го ограбија

дел од парите за нив ги оставија

остатоткот пари меѓу народот ги поделија

Во Бугарија Толи оди од потера да се спаси

за кратко време тој назад се врати

Бугарија не е моја родна земја

таа за мене е зандана темна

Во Полчиште село сардисан е Толе

извика чаушот Ферат предајсе ѓаур сега

овде сум паша одговор доби тој

отвори силен оган си проби пат свој

Кај Сивевци во Старавина село

Толе го разоружа Арслан бего

Арслан бего животот да си го спаси

повеќе жолтици на Толе му плати

Во вепрчанското поле сокријан е паша Толе

жетварите Толе во снопот го сокрија

аскерите се пребараја него не го открија

жетварите Толе од сигурна смрт го спасија

На конгресот во Смилево Толе беше

сигурноста на делегатите му е обезбедуваше

Ацев и Толе од Смилево во Мариово се вратија

политичката активност таму е продолжија

Во Лопатица Толе силна борба води

против грчки чети и македонски изроди

поразени тие во паника бега пред него

без оружје со крвави траги во снего

Во 1904-та лето во Гуѓаково село

се судри аскерот со четата на Толе

убиен падна Толе и дел од неговата чета

заврши тука Толе низ Мариово да шета

Во 2001-та година му се отвори нова гробница

моштите на Толе и Веле се пренесени во родното село

погребани се со величесвено опело

поштовани нека починуваат за нивните дела